# Гордо покажете ја вашата насмевка



**Улогата на стоматологијата во подобрување на изгледот најчесто се потценува и погрешно се интерпретира. Денеска се достапни многу современи стоматолошки техники кои едноставно, лесно и безболно секому можат да му овозможат усогласеност, симетрија и природен изглед на неговите заби**

Насмевката е најважниот дел од вашето лице. Но, за жал не сакаат сите да ја покажат, а една од причините за тоа е т.н. појава гингивална насмевка или gummy smile. Затоа не чудете се зошто не можете да ги видите насмеани. Причина за тоа е што кога ќе се насмевнат, нивната горна усна се издигнува премногу високо, па освен забите се гледа и голем дел од непцето. До оваа појава најчесто доаѓа поради хиперактивност на мускулите на горната усна. Дополнителен проблем претставува доколку имате тенка горна усна која придонесува за поголемо изложување на горните непца. Ова може да пречи во професионалниот и социјалниот живот, но дали сте знаеле дека и некои холивудски ѕвезди, меѓу кои и Том Круз, го имаат овој проблем.

## Корекција на GUMMY SMILE со ботокс во една посета

За среќа gummy smile денеска може да се коригира едноставно и ефективно со комбинација на ботокс и современи стоматолошки техники. Ботоксот дејствува на мускулот, при што ја намалува неговата подвижност. Како резултат на ова, горната усна не се подигнува толку високо како претходно. Оваа постапка се изведува со инјектирање на мали количини на ботокс во хиперактивните мускули на горната усна, а со тоа ќе добиете природна и безгрижна насмевка. Процедурата трае многу кратко, 5-10 минути, може да се изведува без анестезија, но по желба на пациентот може да се стави локален анестетик или местото да се обезболи со мраз. Ботоксот се инјектира со неколку убоди на секоја страна од устата. Во следните 3-4 дена ќе забележите дека подвижноста на горната усна е ослабена и ќе можете да се смеете без грижа дека поголем дел од непцето ви се гледа. Комплетен резултат се постигнува само по 2 недели од апликацијата на ботоксот. Се препорачува по 6 месеци повторно да направите контрола и да го обновите третманот. Луѓето кои го направиле овој третман велат дека сега не престануваат да споделуваат насмевки.■

## Како дејствува?

Ботоксот не ги оштетува мускулите и нервите на лицето, и може да се применува со години без да има несакани последици. Многу е важно ваквите третмани да бидат спроведени од страна на лекари кои се едуцирани за овој тип на третман и кои имаат долгогодишно искуство и во целост го разбираат целото лице и комплексот на проблеми кои треба да се решат. Инјекциите се вбризгуваат со многу тенка игла директно во делот што се третира. Ботоксот дејствува на мускулите на лицето кои со текот на времето стануваат хиперактивни и доведуваат до создавање на брчки. По третманот се измазнуваат брчките во горната третина на лицето.

ACIBADEM | SISTINA
call center
02 3099 500
www.acibademsistina.mk